УДК: 37.01(497.711)"1918/1929"
37.011.3-052(497.711:=411.16):[373.5:378"1918/1929"

Александар Манојловски
Институт за национална историја, Скопје
aleksandar.manojlovski@gmail.com

# ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1918 ДО 1929 ГОДИНА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЗАСТАПЕНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ ЕВРЕИ[1]

*Апстракт.* – Научниот труд труд има за цел да ја прикаже состојбата во која се наоѓал образовниот систем во градот Скопје во периодот од 1918 до 1929 година. Во него посебно внимание се обрнува на застапеноста на учениците Евреи кои се школувале во средните училишта и на Филозофскиот факултет во Скопје. Прашањето кое се разгледува во трудов не било досега предмет на комплексно истражување.

*Клучни зборови.* – Скопје, вардарски дел од Македонија, образование, училишта, ученици Евреи.

На 1 декември 1918 година во Белград, во името на кралот Петар I Караѓорѓевиќ, регентот Александар Караѓорѓевиќ го прогласил обединувањето на Кралството на Србија, во чиј состав се наоѓале Војводина, Црна Гора и вардарскиот дел од Македонија,[2] со југословенските покраини кои дотогаш се наоѓале во составот на Австроунгарската Монар-

[1] При подготовката на овој труд, особено кога стануваше збор за учеството на учениците Евреи во образовниот процес во градот Скопје, се соочивме со сериозни предизвици од недостапноста на архивската документација, како и од фактот дека на ова прашање во македонската историографија речиси и не му е посветено никакво внимание.

[2] Територијата на вардарскиот дел од Македонија која влегла во состав на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците имала географско пространство од 25.713 км$^2$. *Историја на македонскиот народ* 1969, 7.

хија, односно Словенија, Далмација, Хрватска, Славонија и Босна и Херцеговина[3] во единствена држава под името Кралство на Србите, Хрватите и Словенците (Кралство на СХС), предводено од династијата Караѓорѓевиќ.[4]

Набрзо по нејзиното формирање, новата држава извршила и сопствена внатрешна административна територијална поделба. Најнапред поделбата била извршена на окрузи и жупании. Со поделбата од 1920 година, вардарскиот дел од Македонија бил поделен на седум округа: Битолски, Брегалнички (тука влегла новодобиената Струмичка околија), Кумановски, Охридски, Скопски, со седиште во Скопје, Тетовски и Тиквешки.[5] Окрузите понатаму се делеле на околии, а пак овие се делеле на градски и селски општини. Втората поделба била извршена на 26 април 1922 година, кога биле укинати окрузите и била воведена поделба според области. Вардарскиот дел од Македонија била поделен на три области, Скопска област, со седиште во Скопје, Брегалничка област, со седиште во Штип и Битолска област, со седиште во Битола. Овие области биле поделени на окрузи. Скопската област била поделена на Скопски округ, со седиште во Скопје и Тетовски округ, со седиште во Тетово. Ваквата административна поделба постоела се до 1929 година.[6] На 3 октомрви 1929 година е извршена последната територијално административна поделба, укинувајќи ги постојните области и окрузи, воведувајќи бановини. Територијата од вардарскиот дел од Македонија во целост била внесена во составот на Вардарска бановина со седиште во Скопје.[7]

Населението на Кралството на СХС припаѓало на различни религии, и аналогно на тоа, истото се наоѓало под различни режими на духовна јурисдикција. Црквите и верските заедници ја задржале идентич-

[3] Цветковска 2000, 11.

[4] *Jugoslavija 1918-1984*, doc. *„Proglašenje ujedinjene države 1. Decembra 1918"*, 121-124.

[5] Цветковска 2000, 11; Цветковска 2004, 17; Ѓурковска 2013, 53-54.

[6] Малешевић 2019, 272.

[7] Покрај територијата од вардарскиот дел од Македонија, оваа Бановина ги опфаќала и областите на денешна Србија: делови на Косово и Метохија (Приштина, Ново Брдо, Косовска Каменица, Липљан, Косово Поле, Грачаница, Урошевац, Качаник, Штимље, Штрпице, Косовско Поморавље, Дреница, Гора (Драгаш), Сува Река и Призрен), како и делови од јужна Србија (Лесковац, Лебане, Медвеѓа, Владичин Хан, Сурдулица, Власотинце, Босилеград, подрачја околу Власотинското езеро и Црна Трава, Врање, Бујановац, Прешево, Трговиште). Сите бановини, па и од вардарскиот дел од Македонија се делеле на срезови, а овие на селски и градски општини. На чело на бановината стоел бан кој го поставувал кралот на предлог на Министерот за внатрешни работи. Малешевић 2019, 272-273.

ната правна положба која ја имале претходно во земјите кои од 1 декември 1918 година станале дел од новата држава. Преземените меѓународни обврски и делувањето на различните вероисповеди во новата држава, придонеле кралот Петар I Караѓорѓевиќ на 7 декември 1918 година, да издаде Указ со кој било формирано Министерството за вера на Кралството на СХС.[8] Постоењето на бројни нации и различни вери на територијата на Кралството, придонеле на 6 јануари 1919 година, регентот Александар да издаде програмска декларација во форма на *Манифест* со кој се гарантирала рамноправноста на сите религии во Кралството.[9]

И покрај исклучително тешката економска состојба во која се наоѓало Кралството на СХС по војната, новите државни власти успеале да создадат услови за опстојување, обновување и развој на верските заедници меѓу кои се нашле во рамките на новосоздадената држава. Составен дел од нив била и Еврејската вероисповедна заедница.

Со официјалното донесување на Уставот на Кралството на СХС во 1921 година[10] и подоцнежните закони кои произлегле од него, верските заедници претставувале *јавни установи со специјална положба во државата и со специјални привилегии* и било осигурано начелото на полна рамноправност и слобода на религијата.[11]

Уставот предвидувал прифаќање на сите вери кои во било кој дел од новоформираното Кралството на СХС веќе биле признати. Со него се гарантирало нивното самостојно регулирање на внатрешните работи, каде било нагласено дека никој не бил должен своето верско определување јавно да го исповеда.[12] Но, мора да се забележи дека иако со Уставот била регулирана правната положба и дадена слобода за самостојно внатрешно уредување на Еврејските заедници, сепак Евреите не биле признати за национално малцинство.[13]

---

[8] Според Уредбата за устројство на Министерството за вера од 31 јули 1919 година, ова Министерство претставувало *орган на централната државна управа, кој во границите на постоечките прописи врши врховна, надзорна и највисока управна власт во сите верско-политички работи, доколку спаѓаат во кругот на државната дејност.* Jovanović 2002, 362.

[9] *Jugoslavija 1918-1984*, doc. *Manifest regent Aleksandra narodu. Beograd, 6 januara 1919/24 decembra 1918*, 136-137; Novaković 2012, *941-942.*

[10] Уставот е познат уште како Видовденски устав, потврден на 28 јуни 1921 година (Видовден). Поопширно види: *Jugoslavija 1918-1984*, doc. *„Ustav Kraljevine Srba, Hrvata i Slovenaca. 28 juna 1921“*. 177-182.

[11] Jovanović 2002, 362; Кољанин 2008, 68.

[12] Лазић 2015, 302-303.

[13] Кољанин 2008, 69.

Како административно седиште, градот Скопје преставувал економски, стопански, културен и образовен центар во прво време на Скопската околија, а подоцна и на *Вардарска бановина*. Ваквиот негов статус сам по себе претставувал прилика за просперитет, можности и напредок. На основа на податоците од извршениот попис на населението од 31 јануари 1921 година, на територијата Скопскиот округ вкупно 1 872 лица се изјасниле како *Израелци*, од кои 1 868 лица биле регистрирани во Општина Скопје, а 4 лица биле регистрирани во околијата Велес.[14]

Резултатите од спроведениот попис на населението од 31 март 1931 година покажуваа дека во градот Скопје се регистрирани 2 635 *Израелци*.[15]

Официјалниот назив под кој се појавуваат еврејските вероисповедни општини во Кралството на СХС најчесто бил Црквено школска еврејска општина. Меѓутоа овие атрибути во називот не ја означувале единствената содржина на нејзината работа. Со водењето на грижа за верските, просветните и здравствените потреби, еврејските општини непрекинато се бавеле и со здравствена, културно-просветна и добротворна работа. Членови на еврејската општина без исклучок, биле сите Евреи кои биле населени на територијата која го опфаќала округот или околијата. Внатрешно биле организирани и функционирале според прецизно утврдени *Правила* за работа, кои поединечно биле разгледувани и одобрувани од Министерството за вера на Кралството на СХС. Секоја Општина била раководена од општинска Управа и општински Одбор чии членови биле бирани со гласање на организирани внатрешни избори, со претходно одобрение од општинските власти. На чело на Управата, а со тоа и на чело на еврејската општина бил назначуван претседател кој ја претставувал Општината пред државните власти и пред трети лица.[16]

Еврејското маало се наоѓало во центарот на градот Скопје, на левиот брег на реката Вардар веднаш под скопската тврдина Кале. Мнозинството од еврејското население биле Сефарди, но иако во мал број, секако присутни биле и Ешкеназите. Со зголемувањето на еврејската популација во градот, одреден број на еврејски фамилии се населиле и во други населби од градот. Личните сведоштва за животот и функцио-

---

[14] *Дефинитивни резултати пописа становништва од јануара 1921 год. Краљевина Југославија*, Општа државна статистика. Државна штампарија, Сарајево 1932. 112; https://archive.org/details/definitivnirezul00yugo/page/n1/mode/2up?view=theater. Проверено на 15.08.2023 година.

[15] Илиевски 2017, 215.

[16] Поповић 1997, 39-40.

нирањето на Скопските Евреи во меѓувоениот период се ретки и драгоцени.

*Просторот на Еврејското маало, кој имаше облик на триаголник, од Калето благо се спушташе кон Вардар, но самото маало не достигаше до неговиот лев брег. Во тој меѓупростор, гледано од брегот на маалото од Вардар, од десната страна се наоѓаше Народниот театар со мал парк, а од лева имаше две улици со модерни згради во кои само по некаде живееја Евреи, но затоа меѓу нив се наоѓаше и зградата на еврејскиот клуб, кој имаше силно влијание на културниот живот на Евреите. Од Исток маалото граничеше со црквата Св. Димитрија и Камениот мост.*[17]

Иако еврејскиот народ во Кралството на СХС не бил признаен како национално малцинство, сепак во пописните графи на населението по народност стои графата Евреин, а по вероисповед во графата стои *Мојсиевец*. Во десетгодишниот временски период меѓу извршените два официјални пописи на населението од 1921 година и од 31 март 1931 година, може да се евидентира пораст на еврејското население во градот Скопје.

*Најголем дел живееја во Еврејското маало „Al amale džudie". Маалото се простираше помеѓу тврдината „Jaza del Šaban Paša", кафеаната Зрински, црквата Св. Димитрија и пожарникарската чета. ... Во центарот на маалото се наоѓаше синагогата. Имаше неколку плацеви, „Kurtižius ondi ilk al", „De la skola", „Karadži", „Benvenisti". Сите жители на маалото беа Евреи, освен семејството на Костиќ, д-р Гарбета и сликарот Мартиновиќ (Мартиновски).*[18] *Поголемиот дел од куќите од маалото беа изградени на старински начин и обично беа на спрат. Зградите беа збиени и потпрени една на друга. ... Во некои од дворовите имаше повеќе згради со неколку семејства. Беше познат дворот „Il karađi" во кој имаше три до четири згради со повеќе жители. Улиците - поарно кажано - сокаците беа криви и покриени со турска калдрма. Зиме и кога врнеше имаше кал, а лете прашина.*[19]

*Втора поголема групација Евреи имаше во „Al a (Badanda)".*[20] *Таа се простираше на десниот брег на Вардар помеѓу џамијата кај Камениот*

---

[17] Елазар 1995, 176.

[18] Меламед 1995, 188.

[19] Мориц Е. Евреите од предвоено Скопје...,176.

[20] *При ѕидањето на Офицерскиот дом беше отстранет јазот со тополите, а бавчите кои беа на јужната страна станаа плацеви на кои се издигна населбата Буњаковец. Тоа беше простор од Бадандата до железничката пруга и Идадија. Ова се слу-*

*мост, подоцна Офицерскиот дом, јазот и „Las seš kazas“.*[21] *Таа населба беше доста измешана со христијанско население. На вториот или третиот спрат од една куќа се наоѓаше една синагога во која редовно се одржуваше богослужбата.*

*Во Топаана, помеѓу казнениот завод и Чаир, главно живееја посиромашните семејства. Само мал број еврејски семејства живееја единечно во другите делови од Скопје.*[22]

*Севкупниот верски живот се одвиваше во Еврејското маало. Тука беше синагогата, која на шпански ја викавме Il kal grande! - Голем храм. Синагогата беше сместена во самиот центар на Еврејското маало, на еден мал плоштад. Преку пат неа, на истиот плоштад, се наоѓаше еврејското основно училиште во кое се наоѓаше и Еврејската вероисповедна општина. Во истата зграда вежбаше и еврејски хор. Во непосредна близина на синагогата се наоѓаше и зградата на младинскиот кен, која понекогаш се користеше и како забавиште за деца. Еврејкиот клуб на брегот на Вардар беше место за деловни состаноци и забава на постарите мажи.* [23] *Еврејското маало со тесен дрвен мост, кој скопјаните го нарекуваа Еврејски мост, беше поврзано со десниот брег на Вардар. Вистина во непосредна близина беше и Камениот мост, но, сообраќајот меѓу Евреите и оние надвор од маалото претежно се одвиваше преку Дрвениот мост.*[24]

Во рамките на Скопската Црквено школска еврејска општина[25] во меѓувоениот период функционирале синагоги, српско-еврејско училиш-

---

*чуваше некаде во 1928 година или во 1929 година. Многу Евреи ги подигнаа своите куќи и се преселија во населбата Буњаковец.* Меламед 1995, 188.

[21] *„Al a ses kazas“, Шест куќи и во Идадија живееја поголем број Евреи, групирани во групи од по десет-дваесет куќи. Овој простор беше меѓу Бадандата и паркот.* Ibidem, 188-189.

[22] Ibidem, 188-189.

[23] Елазар 1995, 176-177.

[24] Ibidem.

[25] Црквено школската еврејска вероисповедна општина во Скопје спаѓа меѓу најстарите еврејски општини на територијата на Кралството Југославија. Иако во моментов се уште не располагаме со веродостојни податоци со кои би можеле да ја потврдиме ваквата теза, постојат извештаи од Сојузот на еврејските вероисповедни општини во Југославија депонирани во архивот на Еврејскиот историски музеј во Белград, Република Србија, во кои е наведено дека Скопската еврејска верска општина била формирана 1534 година, по прогонот извршен врз Евреите во Шпанија, а подоцна и во Португалија, и дека скопските еврејски гробишта кои се наѓале на висорамнината на покрај селото Долно Водно, постоеле уште од пред фор-

те, кујна, разни здруженија, културно-образовни, социјални, хуманитарни, спортски и музички друштва, клубови и фондови и други, при што можеме да заклучиме дека општествениот живот бил прилично развиен.[26]

Споредувајќи ја во економски поглед со останатите црквено школски еврејски општини на територијата на вардарскиот дел од Македонија во меѓувоениот период, за Скопската општина може да се каже дека била во една добра стабила положба.[27] Ваквата состојба, според нас се должи на нејзиното тогашно раководство предводено од нејзиниот претседател, Јосиф Х. Арије, кој меѓу народот и во јавноста бил докажан како помагател на сиромашните и дарежлив човек кон сите институтции, без разлика дали се еврејски или не. [28] Седиштето на Црквено школската

мирањето на Општината, не исклучувајќи ја можноста дека токму тука имало и еврејски гробови од случајни минувачи, кои биле тука затекнати пред населувањето на прогонетите Евреи од Шпанија. Ваквата теза се поклопува со достапните изнесени информации дека во 1580 година во Скопје веќе постоеле пополнети еврејски гробишта и со белешката на книжевникот д-р Жак Конфино кој ги посетил скопските еврејски гробишта во 1937 година, и забележал дека на влезот од гробиштата стоела мернерна плоча на која пишувало дека гробиштата се стари 500 години. Во хебрејските извори се споменуваат две еврејски гробишта во градот Скопје, стари и нови, уште од XVI век. Во достапната литература постојат податоци кои говорат дека првата синагога во градот Скопје била подигната во 1361 година. Jevrejski istorijski muzej - Beograd, Republika Srbija, Fond: Saveza jevrejskih veroispovednih opština Jugoslavije, Записници Главног и Извршног одбора од 27-IV-1937 до 5-I-1938, Zapisnik XVI sednice Izvršnog odbor Saveza jevrejskih veroispovednih opština, održane 31 maja 1937 godine u kancelariji Saveza, 1. Текстот во оригиналниот документ е на српскохрватски јазик; Spomenica 1919-1969, 9; *Židovi na tlu Jugoslavije* 1988, 134; Лебл 2013, 135; Манојловски 2021, 259.

[26] „Osvećenje kluba Skopljanskih Jevreja“. *Jevrejski glas,* 04.01.1929; Манојловски 2015, 17-34; Манојловски 2022, 97-99.

[27] AJIM, f. SJOJ, Zapisnik XVI sednice IO SJOJ..., 13; Манојловски 2021, 259.

[28] Јосиф Арије, еден од основачите и кособственик на заводот Скопска трговска банка за време на Првата светска војна. По завршувањето на војната, овој завод бил ликвидиран и истите луѓе основале нова банка под името „Трговско индустриска банка - Вардар“. Еден од примерите кој можеме да ги издвоиме за големината на неговата дарежливост била неговата одлука на Филозофскиот факултет во Скопје, дел од својот неподвижен имот проценет на тогашни 4 милиони динари, да го подари на Филозофскиот факултет. Информации за ваквиот негов голем гест биле објавени во дневните печатени медиуми низ Кралството Југославија. Оваа вест била објавена и низ еврејскиот печат во Кралството. Починал во 1936 година. *АЛМАНАХ* 1928, 38; 157; „Dar G. J. Arijea iz Skoplja skopskom univerzitetu“. *Jevrejski glas,* 18.01.1929; *Животот во Скопје 1918-1941,* 2002, 131; Лебл 2013, 219; 221..

еврејска општина во Скопје се наоѓало на улица 84, куќа број 13, со телефонски број 287.[29]

До создавањето на Кралството на СХС, во вардарскиот дел од Македонија биле затекнати 455 основни училишта, за кои во периодот од 1918 година па сè до 1922 година биле водени многу оскудни статистички податоци. Така, за овој временски период биле регистрирани само општи податоци за бројот на училиштата, за учителите и за учениците.[30] Кралството финансирало осум основни училишта во градот, од кои три биле муслимански, а едно било еврејско училиште.[31]

Описменувањето на населението и значителната потреба од подобрување на образовниот процес биле дел од развојните составни планови за градот Скопје, како еден од основните темели за напредок на градското општество.

Состојбата на училиштата во скопската градска општина во 1918 година била катастрофална. Училишните згради биле без никакви елементарни услови за одржување на настава. Вратите и прозорите од голем број на училиштата биле користени за огрев од војниците кои биле стационирани во нив или во нивна близина. Тие не поседувале никаков потребен училишен мебел, училниците биле без училишни табли, клупи и столчиња, така што учениците биле приморани од своите домови да носат сопствени столчиња за да можат да ја следат наставата на часовите. Постоел недостиг од стручни книги за водење на наставата бидејќи бугарската војска ги запалила дотогашните српски книги заедно со училишните архиви. Бугарските книги кои тогаш биле на располагање повеќе не се користеле и биле неупотребливи. Постоел голем недостиг од наставен кадар. Наставата била одржувана од воено демобилизирани учители. Условите за работа биле на најниско можно ниво.[32] Општинската управа на градот Скопје во 1918 година успеала да одвои само 30 000 динари за поправка на училиштата.[33]

Учебната 1918-1919 година била сметана за година на реставрација на состојбата во образованието и просветата која поради војната била доведена во многу тешка состојба. За оваа учебна година била предвидена скратена настава, поделена на курсеви во различни временски пери-

---

[29] *АЛМАНАХ 1928,* 19.

[30] Јовановиќ 1983, 192; 194.

[31] Јовановиќ 2009, 130.

[32] *АЛМАНАХ* 1928, 112-113.

[33] Во Алманахот не е наведено за кои училишта биле предвидени општинските средства за реновирање. *АЛМАНАХ* 1928, 113.

оди. Наставниот план и програма исто така биле приспособени за скратено школување.

Во септември 1919 година во Белград било формирано Министерство за просвета и неговиот стручен орган, Просветниот совет, кој имал за задача да се занимава со прашањата поврзани со организацијата на просветата.[34] Власта со поддршка од училишните надзорници и од околиски началници ја спроведувала својата зададена цел, што поуспешно унифицирање на школството. Поради тоа посебно внимание се посветувало на образованието, содржината на наставата и на воспитувањето на младината во духот на унитаристичката политика, верноста и оданоста кон Кралот и кралската династија.[35]

Во 1920 година за разлика од другите делови од Кралството на СХС, во вардарскиот дел од Македонија степенот на запишани деца во училиштата изнесувал 40 проценти. Проучувачите на состојбата во образованието и образовните процеси во меѓувоениот период сметаат дека ваквата положба најверојатно се должела на фактот што овој дел бил најдолг временски период под османлиска власт.[36] Статистичките податоци говорат дека во 1921 година, половина од населението (51,4 проценти) во Кралството на СХС било неписмено. Стапката на неписменост била мошне неадекватно раширена низ неговата територија. За разлика од останатите делови во Кралството, територијата на вардарскиот дел од Македонија имала највисок степен на неписменост кој изнесувал високи 83,86 проценти, при што ваквата состојба соодејствувала на нискиот степен на запишани деца во училиштата.[37] Со цел да се поправи и подобри ваквата положба бил направен национален план за општо описменување, просветување и изградба на посакуван национален идентитет, посветувајќи значително внимание на основното образование.

---

[34] Во првата Влада (Министерскиот совет) на Кралството на СХС во декември 1918 година бил формиран ресор кој продолжил да ги извршува работите кои пред војната ги извршувало Министерството за просвета и црковни работи на Кралството Србија. Првата уредба за уредување на Министерството за просвета била донесена во септември 1919 година. Со овој правен акт Министерството било дефинирано како дел од централната државна управа на кого му припаѓала врховната управна и надзорна власт на целокупната јавна и приватна настава. Универзитет у Новом Саду, Филозофски факултет. Мср Паулина Човић. Настава историје у Србији од 1919. до 1990. године. Докторска дисертација. Нови Сад 2023. године, 43.

[35] *АЛМАНАХ* 1928, 93-94

[36] Бошковска 2019, 264.

[37] Ibidem.

Како што се нормализирал секојдневниот живот, бројот на запишани ученици од година во година се повеќе се зголемувал, и поради ваквата фактичка состојба се наметнала и потребата за отварање на нови училишта. Во текот на десетгодишниот период во градот Скопје биле отворени нови и била обновена работата на повеќе основни училишта, работнички училишта, вечерни занаетчиски училишта и др.[38] Во учебната 1922 - 1923 година, бројот на основни училишта во вардарскиот дел од Македонија изнесувал вкупно 579, што во однос на претходната учебна година, бројот на нови училишта се зголемил за 66,[39] а во 1927 година во Скопје функционирале 17 училишта со 85 одделенија и 85 професори.[40]

Основното училиште на територијата на Кралството на СХС било задолжително и четиригодишно. По неговото завршување учениците биле задолжени да ги посетуваат *„Вишите"* односно продолжителните училишта во кои наставата траела од 2 до 5 години, а се одржувала 2 пати неделно.[41] Додека пак развојот на академското високо образование во градот започнал со формирањето на Филозофскиот факултет во Скопје.

Сопственоста на зградите на основните училишта била поделена на: државна, општинска, конфенсионална и приватна. Од статистичките податоци застапени во македонската историографија, јасно е изнесено дека во најголем број училиштните згради биле во сопственост на општините, а во значително помал број биле во сопственост на државата, конфесиите и приватниците. Најголемиот дел од материјалната поддршка паѓал на товар на општините. Сите згради во кои биле сместени основните училишта, не биле изградена за таа намена. Се користеле згради за училишта кои биле изградени и за разни други потреби.[42]

Во периодот од 1918 до 1929 година во Кралството на СХС работеле 174 гимназии, од кои 15 гимназии биле во вардарскиот дел од Македонија.[43]

Во училишната 1918-1919 година во Скопската гимазија според вероисповедта како Мојсиевци се заведени дека се школувале 12 ученици; во училишната 1919-1920 година се школувале 50 ученици; во училишната 1920-1921 година се заведени 18; во училишната 1921-1922 година се за-

---

[38] *АЛМАНАХ* 1928, 112-113.

[39] Бошковска 2019, 195.

[40] *АЛМАНАХ* 1928, 112-113.

[41] Јовановиќ 1983, 95-96; 207-208.

[42] Бошковска 2019, 197.

[43] Новитовић 1928, 400-402.

ведени 54; во училишната 1922-1923 година се заведени 63; во училишната 1923-1924 година се заведени 87; во училишната 1924-1925 година се заведени 99; во училишната 1925-1926 година се заведени 77 и во училишната 1926-1927 година 83 ученици. Вкупно во периодот од 1918 година па сѐ до 1927 година според вероисповедта како Мојсиевци се заведени вкупно 543 ученици.[44]

Како резултат на големиот број ученици запишани во Скопската машка гимназија кон крајот на 1925 година од оваа гимназија била издвоена и формирана Државна женска гимназија во Скопје.[45] Ова училиште било сместено во зградата на некогашниот австриски конзулат во Скопје која била откупена од Министерството за просвета на Кралството на СХС. Во оваа гимназија во периодот од нејзиното формирање до 1928 година, се школувале вкупно 2 063 ученички. Во училишната 1925-1926 година во оваа гимазија според народност Еврејки, а според вероисповед Мојсиевци во училишната статистика се заведени 36 ученички; во училишната 1926-1927 година се заведени 56 ученички и во училишната 1927-1928 година се заведени 48 ученички. За овие три години по народносност Евреи, а по вероисповед Мојсиевци вкупно вкупно учеле 140 ученички.[46]

Трговската Академија започнала со својата работа во 1925 година. Академијата не поседувала сопствена зграда и била сместена во приватна куќа, за која се плаќало закупнина. Во периодот од 1925 до 1928 година во Академијата се школувале 512 ученици, од кои во училишна 1926-1927 година по народносност Евреи биле заведени 6 ученици, а по вероисповед Мојсиевци биле заведени 5 ученици или вкупно 11 ученици. Наредната училишна 1927-1928 година, по народност Евреи и по вероисповед Мојсиевци во Академијата биле заведени вкупно 12 ученици.[47]

Филозофскиот факултет во Скопје бил основан со кралска уредба од 2 февруари 1920 година[48] кој започнал со својата работа на 15 декември 1920 година.[49] Во почетокот наставата била одржувана само на историско-филолошкиот отсек и траела шест семестри, а од 1922 година, наставата траела осум семестри. До 1926 година биле отворени 10 кате-

[44] *АЛМАНАХ* 1928, 110-111.

[45] Тука е наведено дека училиштето е формирано во 1924 година. Јовановиќ 2009, 130.

[46] *АЛМАНАХ* 1928, 111-112.

[47] Ibidem, 109.

[48] Ibidem, 107-108.

[49] Бошковска 2019, 298.

дри.[50] Во рамки на факултетот била формирана и библиотека, а поедини катедри имале формирано и свои библиотеки. Во периодот од 1920 до 1928 година, на Филозофскиот факултет во Скопје студирале 631 студент.[51] Со Законот од 1930 година, Универзитетите и формално станале *„највисоки автономни просветни установи за стручна спрема, обработување на науката и изградба на југословенската национална култура“*, и во истата прилика била потврдена и Уредба со која Филозофскиот факултет во Скопје станал огранок од Белградскиот Универзитет.[52]

Статистичките податоци со кои располагаме говорат дека во овој десетогодишен период низ скопските основни и средни училишта, како и на Филозофскиот факултет во Скопје, се школувале вкупно 60 832 ученици и студенти, од кои 60 201 биле ученици, а 631 биле студенти.[53]

Статистичкиот преглед на училиштата и учениците во градот Скопје во периодот од 1918 до 1928 година дава регистерски преглед изработен според уписот во школските години од I до IV клас во средните училишта, останати ученици на крајот од школската година, декларирање на народноста и веросиповедта во временскиот период од 1918 до 1928 година за 30 856 ученици, без да биде прецизно наведено за кои училишта станува збор. Во овој статистички преглед нашиот фокус се учениците кои според народност се заведени како Евреи, а според вероисповед како Мојсиевци.

Според народност и според вероисповед во школската 1918-1919 година, нема заведено податоци за ученици со еврејско потекло. Во школската 1919-1920 година, како Евреи се заведени 199 ученици, во 1920-1921 година се заведени 323 ученици, во 1921-1922 година се заведени 242 ученици, во 1922-1923 година 245 ученици, во 1923-1924 година се заведени 275 ученици, во 1924-1925 година се заведени 286 ученици, во 1925-1926 година се заведени 357 ученици, во 1926-1927 година се заведени 305 ученици, во 1927-1928 година се заведени 209 ученици. Или севкупно, 2 541 ученици. Во истиот статистички преглед, учениците се заведени и според вероисповедта. Како Мојсиевци севкупно се заведени 136 ученици

[50] Во рамките на факултетот биле отворени катедрите за: Југословенска книжевност, Класична филологија, Археологија, Историја на СХС, Општа историја, Византологија, Германски јазик и книжевност, Француски јазик и книжевност, Теориска филозофија и Географија. Јовановић 2011, 25.

[51] *АЛМАНАХ* 1928, 107-108.

[52] Јовановић 2011, 24.

[53] *АЛМАНАХ* 1928, IX.

помалку. Разликата е присутна само во учебната 1922-1923 година, кога како Мојсиевци се заведени 109 ученици. Или севкупно, 2 405 ученици.[54]

На 5 декември 1929 година со донесување на Законот за народни училишта во Кралство Југославија, наставата била целосно усогласена, а програмата за работа во училиштата целосно изедначена. Овој Закон предвидувал основно училиште со четиригодишно школување и продолжително т.н. „Вишо" народно четири годишно училиште. Школувањето станало задолжително за сите деца до завршување на четиринаесет годишна возраст. Наставата која се одржувала во основните училишта била редовна, а во Вишите народни училишта според месните можности на предлог од школскиот одбор, можела да биде одржувана и како скратена настава, односно настава да се одржува 5 месеци со претходно добиено одобрение од Министерот за просвета. Од школувањето во Вишите народни училишта биле ослободени само оние ученици кои по завршувањето на основните училишта, посетуваат граѓански, средни, стручни или било кои други училишта, одат на изучување на некој занает или во трговија. Но, доколку некој од овие ученици од различни причини за време на школувањето се отпише од некое од наведените училишта или пак прекине со изучувањето на занаетот, истиот ученик бил обврзан повторно да се врати во Вишото народно училиште и прописно да го заврши осумгодишното школување.[55]

Училишната година била предвидена да трае 10 месеци, и тоа од почетокот на септември во тековната година и да се одвица до крајот на јуни наредната година. Таа била поделена на две полугодија, првото полугодие било предвидено да трае до крајот на јануари, а второто пологудие било предвидено да трае до крајот на месецот јуни кога учениците се оценувале и преминувале во повисоки одделенија. [56]

Наставниот персонал бил составен од учители кои имале постојан или привремен статус. Учители со постојан статус биле оние кои го положиле практичниот учителски испит, додека пак учители со привремен статус биле оние кои положиле само дипломски испит.

Управата и надзорот над сите народни училишта посредно и непосредно вршел Министерот за просвета преку Управите во училиштата, школските надзорници и банските Управи. Отварањето на народните училишта се вршело само со одлука од Банот.[57]

---

[54] Ibidem, 118-119.

[55] *Статистика школа по Министарством просвете на дан* (*15 маја 1932 год*) 1933, 6.

[56] Ibidem, 7.

[57] Ibidem.

На 3 октомври 1929 година, Кралството на СХС се преименувало во Кралство Југославија при што била извршена и административна реорганизација на нејзината територија на 9 бановини, од кои сите освен две, биле именувани според реки.[58] Дотогашните 33 области[59] ги промениле во *„Белград и деветте Бановини“*.[60] Со оваа административна реорганизација, територијата на *„Јужна Србија“* била преименувана во *„Вардарска бановина“*.

* * *

Со цел на читателите да им овозможиме што поблиска претстава како изгледал еден училишен Дневник во времето на Кралството Југославија во вардарскиот дел од Македонија, извршивме анализа на застапената содржина во училишниот Дневник од I машка реална гимназија во Скопје, VI-а одделение од учебната 1929-1930 година.[61]

Информациите кои се застапени во Дневникот се печатени на кирилично и латинично писмо на официјалниот државен српскохрватски јазик, поставени паралелно една под друга. Првата страна од Дневникот посветена за ова одделение е именувана како *Уписница*, содржи статистички информации за одделението обработени низ 4 графи, означени според азбучен редослед *А., Б., В.* и *Г.*.[62]

Првата графа, означена со буквата *А.*, составена е од 6 дела и е именувана како *Број на ученици.* Во неа се застапени статистички податоци за бројот на запишани ученици во одделението во почетокот на учебната година, бројот на ученици запишани во текот на годината, вкупно запишани ученици, колку ученици и од кои причини го напуштиле училиштето, нудејќи неколку опции за опис во графата: починати, промениле институција, оддалечени според чл. 31б, истерани според чл.

[58] Petranović 1981, 101-102.

[59] *ГОДИШЊАК* 1926, 13-14.

[60] Дравска бановина, Савска бановина, Врбаска бановина, Дринска бановина, Зетска бановина, Моравска бановина, Вардарска бановина и Приморска бановина. Научна белешка под текстот бр. 9, Бошковска 2019, 12.

[61] Државен Архив на Република Северна Македонија – Одделение Скопје. Фонд: I машка реална гимназија во Скопје. Уписник на учениците од VI/а клас до VIII/в кл. за учебна 1929/1930 год. Број на книгата, /. Година од 1929 до 1930. Број на листови, 172. Димензија 43 x 28 см., 2. (понатаму: Ф. I машка реална гимназија во Скопје. Уписник на ученици од VI/а...,)

[62] Ф. I машка реална гимназија во Скопје. Уписник на учениците од VI/а..., 2.

31в., отпуштени според чл. 42 од Законот за средни училишта, од разни причини и севкупен број колку ученици останале на крајот од годината.

Втората графа е означена со буквата *Б.* составена е од 3 дела и е именувана како *Од вкупниот број на ученици биле.* Во неа се застапени статистички податоци кои се однесуваат на бројот на ученици во одделението кои се од истото училиште, односно колку од нив се новозапишани, а колку од нив се повторувачи, колкав е бројот на ученици во одделението кои се од други училишта, односно колку од нив се новозапишани, а колку од нив се повторувачи и секупен број на новозапишани и повторувачи.

Третата графа е означена со буквата *В.* составена е од 10 дела, е именувана како *Од учениците на крајот од школска година биле.* Во неа се застапени статистички податоци кои се однесуваат на вкупниот успех на учениците, односно бројот на ученици кои имаат одличен, многу добар и добар успех, бројот на ученици кои се оставени на полагање на класен испит, бројот на ученици кои не се јавиле на испит, бројот на ученици кои го положиле или не го положиле класниот испит, бројот на ученици кои ќе ја повторуваат годината, бројот на ученици кои повеќе неможат редовно да се школуваат и вкупниот број на ученици кои успешно го завршиле одделението.

Последната, четврта графа е означена со буквата *Г.* составена е 5 дела и е именувана како *Приватни ученици.* Во неа се застапени статистички податоци за бројот на ученици кои се пријавиле за испит, бројот на ученици кои го положиле испитот, бројот на ученици кои треба да го повторат испитот и вкупниот број на ученици кои го завршиле или не завршиле VI одделение.

Под овие графи, испечатени се критериуми за оценување на одлични, многу добри и добри ученици. За *одлични* се сметале оние ученици кои во годишниот резултат од научните предмети имале многу повеќе одлични оценки отколку многу добри без ниту една добра оценка. За *многу добри* се сметале оние ученици кои во годишниот резултат од научните предмети имале повеќе одлични и многу добри оценки, отколку добри оценки без ниту една слаба, и за *добри* се сметале оние ученици кои во годишниот резултат од научните предмети имале повеќе добри отколку многу добри оценки и одлични оценки без ниту една слаба.

Под овие критериуми наведена е *Забелешка* во која е посочено дека, конечните резултати од оценките се изведуваат по завршување на класните испити, со оглед на член 41 од Законот за средните училишта.

На крајот од страна стои градот и датумот на пополнувањето *13 јули 1930 г.*, како и своерачен потпис и звањето на класниот раководител, *Радоња Лалиќ, суплент.*[63]

Реверсот од оваа страна е именуван како *Во училишната година 19_ - 19_ предаваа:*. Страницата е составена од 2 главни графи. Во првата графа се наведени училишните предмети за ова одделение кои се поделени во две групи, *Наука* и *Вештини*.

Во делот *Наука* се изучувале следниве 15 предмети: *Веронаука, Српски јазик, Германски јазик, Француски јазик, Руски јазик, Латински јазик, Грчки јазик, Земјопис, Историја, Природни науки* (*Зоологија*), *Физика, Хемија, Математика, Нацртна геометрија и Филозофска пропедевтика.* Под испечатените графи каде се наведени предметите, оставени се 4 непополнети слободни графи. Додека пак, во делот *Вештини* се изучувале следние 4 предмети: *Цртање, Пишување, Гимнастика и Пеење*. Оние предмети кои не се изучувале се подвлечени со коса линија, како што се примерите во случајов со Рускиот јазик, Физиката, Хемијата, Нацртна геометрија и Филозофска пропедевтика. Паралелно со графите каде се заведени сите предмети поединечно, стои графа предвидена за потпис и звање од наставникот. На крајот од страна е означено место за своерачен потпис од директор на училиштето, каде лично е потпишан тогашниот директор, *Стојан Зафировиќ*.[64]

Информациите за секој ученик се застапени на 1 страница од училишнот Дневник, која е поделена на 3 главни дела.

Првиот дел содржи информации кои се однесуваат на редниот број под кој е заведен ученикот во Дневникот, неговите основни лични податоци, лични податоци за еден од родителите (ретки се случаевите но, некогаш заведени се информации и за двајцата родители), неговата домашна адреса, а доколку престојува ученикот кај некого, наведено името и презимето на старателот и адресата за време на привремениот престој, работниот статус на еден од родителите или старателот, односно дали е вработен или не, и доколку е вработен наведена е неговата професијата.

На пример, *Ученик Бр. 3, Име и презиме: Бераха Рахамин, Роден: 1 јануари 1912 год.*[*ина*], *Место на раѓање: Скопје, Народност и државјанство: Србин, Југословенско, Вероисповед: Мојсиевска, Родители: Винка и*

[63] Ibidem.

[64] Ф. I машка реална гимназија во Скопје. Уписник на учениците од VI/а..., 3.

*Хаим Бераха, Професија: „мењач“,*[65] *Живеалиште: Скопје, Старател: /, Домаќин (кај кого е во станот): Кај таткото, „Венац Св. Сава 1“.*[66]



Бераха Рахамин (1.I.1912 - )[67]

Горниот дел е именуван како *Успех од поединечни предмети.* Во него се застапени оценките на ученикот по предметите од *Наука* и *Вештини* низ графа тримесечен, поделена на 3 дела, *I, II* и *III.* Во овој дел застапени се и графи во кои се заведува конечната годишна оценка од успехот, владеење на материјалот и.т.н по застапените предмети, оценки од класни и курсни испити, графи во кои се заведува *каде е* ученикот и *што учел претходно,* на пр. *VI а класна гимназија во Скопје.* Под оваа графа се наоѓа простор именуван како *Напомена,* во која одделенскиот наставник доколку имало потреба, задолжително требал да ја пополни со следниве информации: кога ученикот бил доселен или отселен, доколку се испишал кои биле причините, дали полагал испит или под чија одлука се испишал задолжително барајќи да се наведе и бројот на деловодникот.

На пример, ученикот Бераха Рахамин, *полагал поправен испит по историја и го положил со оценка - добар. Според тоа го завршил одделението. Одделенски наставник, Лалиќ.* Во продолжение, од наставникот се бара во Дневникот прецизно да пополни дали на ученикот му е издадено уверение, дупликат од уверението, сведителство или дупликат од сведителството при што требало да биде заведен деловодниот број и датумот на издавање. На пример, *Сведителство 492-28-XI-930.*[68]

Последниот дел е пополнет со графи кои го оценуваат ученикот за неговото однесување и дали бил вреден ученик, колку оправдани и неоправдани отсуства имал и дали дотогаш бил обвинет за нешто и дали бил казнет, определувајќи го видот на вината, казната, денот и бројот на одлуката. На пример, Рахамин Бераха на *25-IX-929* добил дисциплинска казна (*Укор*) од одделенскиот наставник за намерно доцнење. Последна-

[65] Не можевме да утврдиме за каква точно професија станува збор.
[66] Ibidem. 4.
[67] Ibidem.
[68] Ibidem.

та графа е именувана како *Забелешка за овој ученик*, и во неа со краток опис се изнесуваат три негови карактеристики од областа на *Учење, Однесување и Општо*. На пример, *Учење: трудољубив, не сфаќа брзо. Логично одговара; Однесување: Мирен, секогаш со пристојно држење со добро воспитување* и *Општо: карактерен.* Во оваа графа е застапена и фотографија од ученикот.

Издавање и печатењето на училишниот Дневник се изведени од страна на Државната печатница на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.[69]

## БИБЛИОГРАФИЈА

### НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

Jevrejski istorijski muzej – Beograd, Republika Srbija. Fond: Savez jevrejskih veroispovednih opština Jugoslavije, Записници Главног и Извршног одбора од 27-IV-1937 до 5-I-1938, Zapisnik XVI sednice Izvršnog odbor Saveza jevrejskih veroispovednih opština, održane 31 maja 1937 godine u kancelariji Saveza. Jevrejski istorijski muzej - Beograd, Republika Srbija,

Државен Архив на Република Северна Македонија – Одделение Скопје. Фонд: I машка реална гимназија во Скопје. Уписник на учениците од VI/а клас до VIII/в кл. за учебна 1929/1930 год. Број на книгата, /. Година од 1929 до 1930. Број на листови, 172. Димензија 43 x 28 см., 2.

### ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

Petranović, Branko, Zečević, Momčilo. Jugoslavija 1918-1984. Zbirka dokumenata. Beograd, 1985.

### МОНОГРАФИИ И СТАТИИ

АЛМАНАХ Општине града Скопља 1918-1928 године. Уредио Милан Ст. Недељковић, обласни школски надзорник у пензији и општиснки одборник. Штампарија „Стара Србија" Кеј Војводе Путника 20, Скопље, 1928.

Бошковска, Нада. Вардарска Македонија 1918-1941. ARS Studio. Скопје, 2019.

ГОДИШЊАК Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца за 1926 год. Уредник: Добр. Стошић. Графички институт „Народна Мисао" А.Д.-Добрачина 47, Београд, 1926.

---

[69] Ibidem.

Ѓурковска, Лидија. Административно-територијалната поделба во вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1919-1941). Зборник на трудови на Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Битола. Битола, 2013.

Елазар, Мориц. Евреите од предвоено Скопје во моето сеќавање. Сефардски одгласи. Студии и сеќавања за Евреите од Македонија. Скопје, 1995.

Животот во Скопје 1918-1941. Музеј на град Скопје. Скопје, 2002.

Илиевски, Борче. Демографските карактеристики на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни (Анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година). Скопје, 2017.

Историја на македонскиот народ, кн. 1. Михаило Апостолски, претседател на редакција, Институт за национална историја, Скопје, 1969.

Историја на македонскиот народ. Книга трета. Периодот меѓу двете светски војни (1918-1945). Институт за национална историја – Скопје, Скопје, 1969.

Јовановиќ, Д-р Марија. Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929). НИО „Студентски збор". Скопје, 1983.

Jovanović, Vladan. Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS. Beograd, 2002.

Јовановиќ, Владан. Псевдоевропски поглед помеѓу урнатините на Истокот – Градот Скопје во југословенската национална политика од 1918 до 1941 година. ЕТНОАНТРОПОЗУМ. Списание на Институтот за етнологија и антропологија. Бр. 6. Скопје, 2009.

Јовановић, Др Владан. Просвета – најбржи творац нације: Филозофски факултет у Скопљу 1920–1941. Токови историје. Часопис Института за новију историју Србије, 2/2011.

Кољанин, Милан. Јевреји и антисемитизам у Краљевини Југославији 1918-1941. Институт за савремену историју. Београд, 2008.

Лазић, Жељко. Правни аспекти грађанских и верских слобода Јеврејске заједнице на нашим просторима. Зборник радова Правног факултета у Нишу. Број 71. Година LIV. 2015.

Лебл, Жени. Плима и слом. Од историјата на Евреите во вардарска Македонија. Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија. Скопје, 2013.

Малешевић Тошић, Никола. Вардарска Македонија у време Краљевине СХС/Југославије 1918–1941. године. Војно дело. Интердисциплинарни научно часопис Министарства одбране Републике Србије. Година LXXI, 1/2019.

Манојловски, Александар. Еврејските верски општини во Македонија низ страниците на босанскиот весник Јеврејски глас во периодот меѓу двете светски војни (1928-1929). ИСТОРИЈА - Наука, Технологија, Медицина. Година V, број 1. Скопје, 2015. 17-34.

Манојловски, Александар. Состојбата на еврејските вероисповедни општини во вардарскиот дел од Македонија во 1937 година според извештајот на Давид Леви. Списание Историја, Бр. 1-2. Год. LVI. Скопје, 2021.

Манојловски, Александар. Извештај за работата на Управата и на Одборот на Еврејската вероисповедна општина во Скопје во изборниот период од 1936 до 1939 година. Списание Гласник. Год. 66. Бр. 1-2. Институт за национална историја. Скопје, 2022.

Marijanović, Jovan. Političke partije Kraljevine Srba, Hrvata i Slovenaca (1921-1929). Iz istorije Jugoslavije 1918-1945. Zbornik predavanja. Beograd, 1958.

Меламед, Алфред. Каде живееја Евреите на Скопје. Сефардски одгласи. Студии и сеќавања за Евреите од Македонија. Скопје, 1995.

Nedomački, Vidosava, Goldstein, Slavko. Jevrejske općine u jugoslavenskim zemaljama. Židovi na tlu Jugoslavije. Muzejski prostor Zagreb, 14.IV.-12.VI.1988. Zagreb, 1988.

Novaković, Dragan. Versko zakonodavstvo Kraljevine Jugoslavije. Zbornik Pravnog fakulteta Sveučilišta u Rijeci (1991). v. 33, br. 2. 2012.

Новитовић, Јеротије. Средње школе у Краљевини С.Х.С. Јубиларни зборник живота и рада СХС 1. XII. 1918 – 1928. I део. Издање матице живих и мртвих СХС 1928, Београд, 1 децембар 1928.

Petranović, Branko. Istorija Jugoslavije 1918-1978. Nolit, Beograd, 1981.

Поповић, МР Небојша. Јевреји у Србији 1918-1941. Институт за савремену историју. Београд, 1997.

Spomenica 1919-1969. Glavni urednik: David Levi-Dale. Savez jevrejskih opština Jugoslavije. Beograd, 1969.

Статистика школа по Министарством просвете на дан 15 маја 1932 год. По службеним изворима, израдио Никола С. Тујковић. Државна штампарија Краљевине Југославије, Београд, 1933.

Цветковска, Надежда. Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни. Скопје, 2000.

Цветковска, Надежда. Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел од Македонија (1919-1929). Скопје, 2004.

## ВЕСНИЦИ

„Osvećenje kluba Skopljanskih Jevreja“. Jevrejski glas, 04.01.1929.

„Dar G. J. Arijea iz Skoplja skopskom univerzitetu“. Jevrejski glas, 18.01.1929.

## ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ

https://archive.org/details/definitivnirezul00yugo/page/n1/mode/2up?view=theater. Проверено на 15.08.2023 година.

https://www.cris.uns.ac.rs/DownloadFileServlet/javniUvid16819864267o967.pdf;jsessionid=A5DAAF73EC20603AFCD4275DAFD04662?controlNumber=(BISIS)129948&fileName=16819864267o967.pdf&id=21630.
Проверено на 28.09.2023 година

Aleksandar MANOJLOVSKI
Institute of National History, Skopje

# EDUCATION IN THE CITY OF SKOPJE IN THE PERIOD 1918–1929, WITH SPECIAL REFERENCE TO THE REPRESENTATION OF JEWISH STUDENTS

(summary)

This article aims to show the conditions of the educational system and the representation of Jewish students who studied in secondary schools and at the Faculty of Philosophy in the city of Skopje, in the period from the establishment of the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes in 1918, until the period of its renaming to Kingdom of Yugoslavia in 1929. In order to provide for the readers a closer representation of what a school diary looked like during the times of the Kingdom of Yugoslavia in the Vardar part of Macedonia, we performed an analysis of the content represented in the school diary for the 6th grade of the 1st male real gymnasium in Skopje in 1929/1930. Also, a brief overview is presented of the Church School Jewish Municipality and the Jewish Quarter, which were located in the center of the city of Skopje. This question has not been a subject of complex research until now.